Билјана БЛАЖЕВСКА-СТОИЛКОВСКА

# ГОТФРЕДСОНОВАТА ТЕОРИЈА НА ОГРАНИЧУВАЊЕ, КОМПРОМИС И СЕБЕКРЕИРАЊЕ: ПРИБЛИЖУВАЊЕ НА ПСИХОЛОШКИОТ И СОЦИОЛОШКИОТ ПРИОД ВО ИЗБОРОТ И ВО РАЗВОЈОТ НА КАРИЕРАТА

АПСТРАКТ

Целта на овој труд е да ја претстави Готфредсоновата теорија ограничување, компромис и себекреирање како приближување на пси лошкиот и социолошкиот приод во изборот и развојот на кариерата. ( приближување е неопходно од две причини: прво, поради мултифакторс та одреденост на изборот на занимање, и второ, поради промените во е номијата, технологијата и пазарот на трудот. Прво се дадени карактер тиките на психолошкиот и социолошкиот приод. Потоа се претставе основните постулати на теоријата. Во завршниот дел дискутирана е улога која според Готфредсон ја имаат психолошките и социолошките факто во изборот на занимање и дадени се можни објаснувања за нејзино сфаќање.

Мултифакторската одреденост на вокациското поведение наметна потребата за приближување на психолошкиот и социоло: киот приод во изучувањето на изборот и развојот на кариера: Интересот на социолозите за занимањата и за начинот на кој тие избираат се должи на настојувањето преку нив да ја објаснат моби носта во социјалната структура, односно стекнувањето на социоек номскиот статус во општеството. При проучувањето на социјална мобилност, социолозите се концентрирале врз вертикална димензи на занимањата, сметајќи дека престижот, моќта и висината на пл тата се пресудни фактори во изборот на занимањето, иако би земани предвид многу други фактори, како, на пример: припаднос кон полот, етничката припадност, редот на раѓање, големината н семејството, големината на заедницата во која поединецот живе можностите за образование и вработување, а многу ретко се спом нувале и личните аспирации на поедиците. Занемарувањето н аспирациите се должи на мислењето дека тие повеќе се резултат н ангажирањето во одредено занимање отколку фактори кои го одре дуваат неговиот избор (Johnson and Mortimer, 2002). Оваа тенденциј

денес се менува. Така, индивидуалните аспирации, заедно со други психолошки фактори (идентификација или имитација со други лица), се вградуваат во социолошкиот приод на изборот на занимање. Причината е изразената полова и етничката дискриминација на пазарот на трудот и можностите таа да влијае врз заклучоците кои ги изведуваат социолозите на ова поле. Земањето во предвид на работните вредности се должи на сознанијата на Мортајмер дека децата избираат занимања како нивните родители не само поради престижот на тие занимања, туку и како резултат од генерациската трансмисија на вредностите (Johnson and Mortimer, 2002).

Психолошкиот приод во фокусот на своето внимание го поставува процесот на совпаѓање меѓу личноста и занимањето. Имено, според психолозите, лицето избира занимање кое е соодветно првенствено со неговите интереси и способности, а потоа и со неговите мотиви, вредности и црти на личноста. Постигнувањето на ваквото совпаѓање е единствен услов за успех во кариерата и за задоволство од работата. На овој приод може да му се приговори неземањето во предвид на социјалните фактори и надворешните бариери со оглед на тоа што тие би можеле да влијаат не само врз изборот на занимање, туку и врз можностите за постигнување успех во работата. Меѓутоа, сфаќањето дека личноста не може да се одвои од социјалната средина ги тера вокациските психолози сè повеќе да ја вклучуваат и неа во своите проучувања на овој феномен.

На овој начин, различните гледишта и интереси на психолозите и социолозите веќе се приближуваат обезбедувајќи посигурни и поцелосни сознанија за изборот на занимање, но и за значењето на занимањата на поединечен и на општествен план. Имајќи ја предвид современата општествена состојба во која се зголемува несигурноста на планот на работата, неопходно е паралелно следење на личните желби и можности, од една страна, и на надворешните ограничувања, од друга страна, со цел да се оптимизираат одлуките при изборот на занимање и постигнување успех и задоволство во работата.

Теоријата на ограничување, компромис и себекреирање на Линда Готфредсон (2002), како една од највлијателните современи теории за избор и развој на кариерата, како што оценил Браун (2002), е теорија која ги приближува двата приода: психолошкиот и социолошкиот. Според Готфредсон, изборот на занимањето не е само рефлексија на *самоизбирање* (селф-концептот) или на типот на личноста, што е карактеристично за психолошкиот приод, туку тоа е избор во кој добиваат значење половите и класните разлики, како и надворешните услови или ограничувања. Имено, во првичната верзија на теоријата, Готфредсон (1981), критикувајќи го психолошкиот

приод кој ги занемарил социјалните фактори во објаснувањето на изборот на занимање, ги вклучува и полот и социјалната класа. Со ова, сосема очигледно, таа се доближува до социолошкиот приод, додека психолошките фактори, како што ќе се види понатаму во текстот, ги става во втор план.

Во првата ревизијата на теоријата (Gottfredson, 1996), а уште поексплицитно во следната ревизија (Gottfredson, 2002), истакнува дека во објаснување на овој феномен мора да се земат предвид и разликите кои постојат внатре во групите. Тоа значи дека во изборот на занимање значајно место имаат групните, а исто така и индувидуалните разлики.

Инаку, теоријата слободно може да се смести во категоријата развојни теории за изборот и за развојот на кариерата (всушност, и самата авторка ја нарекува така). Но, од друга страна, пак, поради давањето примат на социјалните фактори пред психолошките во објаснувањето на овој феномен, Сејвик (2002) ја именува како социјална теорија за избор и за развој на кариерата.

## ОСНОВНИ ПОСТУЛАТИ НА ГОТФРЕДСОНОВАТА ТЕОРИЈА НА ОГРАНИЧУВАЊЕ, КОМПРОМИС И СЕБЕКРЕИРАЊЕ

Готфредсон, како и речиси сите вокациски психолози, смета дека во основата на изборот на занимање лежи *совпаѓањето меѓу лицето и работата,* односно настојувањето на поединецот да пронајде занимање кое ќе биде во согласност со *сопствениот (self)-концепт.* Значи, главни елементи на процесот на сложување се сликата за себе и сликата за занимањата. Овој процес се одвива на два начина: прво, преку елиминација на најмалку фаворизираните вокациски алтернативи (занимања), што значи ограничување; второ, преку правење компромиси наложени од бариерите кои можат да се појават при имплементација на најфаворизираните алтернативи. Во функција на овие процеси е когнитивниот развој. Со други зборови, развојот на мислењето од интуитивно (на предучилишна возраст), преку конкретно (од 7 до 11-12 години) па до апстрактно (од 11-12 до 15 или најдоцна до 21 година) е главен предуслов за успешно одвивање на овие процеси.

Заклучокот кој одовде следува е дека изборот на занимање започнува заедно со развојот на сликата за себе и со нему паралелниот процес – развојот на сликата за занимањата.

Готфредсон (2002) ја дефинира сликата за себе како начин на кој поединецот се гледа себеси или она што тој е и јавно и приватно (Gotfredson, 2002: 88). Во неа најпрво се вградуваат конкретни, видли-

ви особини (како што е полот), а подоцна се вградуваат покомплексни (припадност кон социјална класа и идентификација со таа класа). Во периодот на адолесценција младите луѓе стануваат свесни за поседувањето на апстрактни особини (интереси, мотиви, вредности, црти, вештини) со што истовремено стануваат свесни и за својата различност од другите луѓе.

За разлика од сликата за себе која е единствена, сликата за занимањата или *когнитивна мапа на занимања*, како што уште ја нарекува Готфредсон, е речиси идентична за сите луѓе во едно општество. Неа ја оформува културата во која поединецот се раѓа и живее, а негова задача е да ја усвои така оформена. Тоа усвојување се одвива етапно, во согласност со когнитивниот развој и со развојот на сликата за себе. Во предучилишна возраст занимањата се групираат долж нивната хоризонтална димензија, односно половата одреденост (машки, женски, неутрални), а подоцна, во училишната возраст продолжуваат да се групираат според вертикалната димензија – престижот. Треба да се одбележи дека престижот во себе не содржи само социјална посакување на занимањата, туку претставува и одраз на интелектуалната комплексност која ја бараат тие (Gottfredson, 2002). Значи, престижот на едно занимање не е рефлексија само на неговата атрактивност, туку и на нивото на интелигенција потребно за негово успешно извршување.

Готфредсон зборува и за трета димензија во когнитивната мапа на занимањата. Се работи за нивна поделба во различни полиња на работа. Тоа, всушност, се шесте полиња на работа за кои зборува Холанд (Холанд 1996); реалистичен, конвенционален, социјален, уметнички, деловен и истражувачки (според: Gottfredson, 2002). Групирањето на занимањата според овие полиња се врши внатре во првите две димензии, а се случува во периодот на адолесценција.

Прашањето кое овде се наметнува е како, всушност, се прави изборот на занимање. Во согласност со барањата на процесот на сложување меѓу лицето и работата, поединецот се насочува кон одредени занимања, односно развива преференции кон занимања кои се конгруентни или компатибилни со неговата слика за себе, а истовремено ги отфрла оние што не се во согласност со суштинските елементи на сликата за себе. На тој начин (преку елиминација на неприфатливите занимања) започнува одвивањето на веќе споменатиот развоен процес – *ограничувањето*. Готфредсон (Gottfredson 2002: 92) го дефинира како процес преку кој младите луѓе ја стеснуваат теритиријата на занимања. Целта е поставување граници на сопствениот социјален простор или формирање на т.н. *зона на прифатливи алтернативи*. Оваа зона или територија, за разлика од когнитивната мапа која го одразува целокупниот општествен живот,

е показател на местото каде што поединецот се гледа себеси во општеството, односно областа каде што најдобро би функционирал. Како што може да се забележи, Готфредсон, и покрај тоа што ги споменува преференциите како појдовна основа во изборот на занимање, сепак не зборува за преферирани, туку за прифатливи алтернативи или занимања кои влегуваат во тој избор. Она што во таа насока го истакнува, а што може да се протолкува како нејзин обид да ги објасни отворените прашања во психолошкиот приод, е дека преференциите секогаш не можат да се реализираат или секогаш не се во согласност со реалноста. Затоа, во изборот на занимање мора да се земе предвид не само преференцијата, туку и можноста за нејзина имплементација. Поинаку кажано, при изборот на занимање треба да се земат предвид и *конгруентноста* на занимањето и *пристапноста* до него. Она што ги сврзува конгруентноста и пристапноста до одредени занимања, според Готфредсон, се *окупациските аспирации* кои се реалистични доколку се засновуваат врз знаење за можностите и пречките, а во спротивно тие се идеалистички. Оттука следува дека социјалниот простор или зоната на прифатливи алтернативи ја сочинуваат занимањата кои лицето ги гледа како достапни за него. Потребата за разгледување на целокупниот социјален простор наместо на поединечните аспирации, според Готфредсон, се должи на тоа што окупациските аспирации се показатели само на една алтернатива која се разгледува во одреден временски период, а веќе во друг временски период, како резултат од извесни промени, и тие можат да се променат.

Да се вратиме повторно на процесот на ограничувањето како најдобар показател на улогата на социјалните фактори во изборот на занимање. Основното барање кое го поставува овој процес е перцепирање и разбирање на себеси, занимањата и нивното место во социјалниот свет. Започнувајќи во раното детство, овој процес поминува низ четири фази кои, всушност, се фази во развојот на сликата за себе и окупациските аспирации. Секоја следна фаза бара поголем степен на когнитивен развој и води кон сè поголемо стеснување на потенцијалниот социјален простор (Gottfredson, 2002).

Во првата фаза – *ориентација кон големина и моќ* – децата се свесни за двата пола, машки и женски, и знаат дека тие не се менуваат. Истовремено луѓето ги класификуваат и на големи (моќни) и мали (слаби). Се ориентираат кон припадници од истиот пол и кажуваат дека ги преферираат истите активности како и тие, вклучувајќи ја и работата.

Во следната фаза – *ориентација кон полови улоги* – децата започнуваат да го разбираат концептот за половите улоги насочувајќи се кон конкретни, видливи карактеристики, како што се активнос-

тите, вклучувајќи ги и занимањата. Во таа насока и нивните окупациски аспирации се насочуваат кон занимања кои се соодветни за полот на кој му припаѓаат. Истовремено ги отфрлаат оние занимања кои се карактеристични за спротивниот пол.

Третата фаза – *ориентација кон социјална евалуација* – се карактеризира со развивање осетливост за социјалната евалуација од страна на средината, како и свесност за постоењето на различни социјални класи за кои децата ги врзуваат различните занимања. Веќе на 13-годишна возраст тие ги класификуваат занимањата според социјалната пожелност (нивното вреднување од страна на другите) и според статусот речиси идентично како и возрасните. Ја разбираат и поврзаноста меѓу заработувачката, образованието и занимањето.

Во оваа фаза децата стануваат свесни и за нивната општа способност, односно за интелигенцијата. Вниманието го насочуваат кон оние занимања кои се во согласност на нивната социјална класа, на нивните способности, но и врз основа на она што сметаат дека ќе го вреднуваат другите.

Во последната, четврта фаза – *ориентација кон внатрешното, единствено себство* – младите луѓе, како резултат од развојот на апстрактното мислење, стануваат свесни за апстрактните карактеристики што ги поседуваат – интереси, мотиви, цели, вредности, иако дел од нив сè уште не се развиени, а за дел се многу несигурни дали навистина ги поседуваат. Поради тоа, тие се насочени кон учење за себеси и кон истражување на занимањата во рамките на дотогаш формираниот социјален простор. Нивното настојување ќе биде да се фокусираат на оние работни полиња во тој ограничен простор кои се најкомпатибилни со нивното себство. Уште попрецизно, младите своите аспирации ќе ги насочат кон занимања кои ќе бидат во согласност и со нивните социјални обврски, но кои ќе им овозможат и себеисполнување.

Ова укажува на фактот дека неизбежен чекор во изборот на занимање е *компромисот*. Тој претставува замена на најпреферираните алтернативи со помалку преферираните (Gottfredson, 2002). Конечниот исход е приспособување на сопствените желби со надворешните барања, или поинаку – балансирање на потребите со можностите и ограничувањата кои ги наметнува средината. Готфредсон прави разлика меѓу антиципиран и искуствен компромис. За првиот станува збор кога поединецот ги усогласува проценетата компатибилност на занимањата од социјалниот простор и проценетата достапност до нив. Со тоа аспирациите се движат од идеални кон реални. Вториот вид компромис се јавува кога поединецот се соочува со бариери при имплементација на најпреферираниот избор.

Такви се: ограничени можности за образование и вработување, дискриминација на пазарот на трудот, семејни обврски, отсуство на одредени занимања кои опфаќааат комбинација на сите три димензии (пр. истражувачка женска работа со низок степен на престиж).

Во случај кога поединецот треба да ја замени најпреферираната алтернатива со таква која незначително помалку ја преферира компромисот е минорен и не се доживува како таков во вистинска смисла. Тој повеќе се доживува како постоење на мноштво еднакви избори. Меѓутоа, компромисот може да биде и многу голем, а особено кога треба да се избере меѓу алтернативи кои веќе се доживеани како неприфатливи (значи, мора да се избере занимање кое е надвор од сопствениот социјален простор).

Кога се прави компромис, се тргнува од процена на личните приоритети, и тоа во однос на сите три димензии: полова одреденост престиж и поле на кое му припаѓаат занимањата. Во врска со ова Готфредсон (2002, 104) дава неколку предвидувања:

- Кога поединецот мора да направи минимални отстапки од нај преферираните занимања, тогаш приоритет им дава на своите интереси, додека половата одреденост и престижот се веќе прифатени.
- Кога се бара умерен степен на компромис од страна на поединецот, тогаш најважен е престижот, а половата одреденост е во вто план, но само доколку се работи за занимање кое одговара н сопствениот пол или е неутрално во тој аспект.
- Кога поединецот е принуден да направи голем компромис, тога најлесно ќе ги жртвува интересите, а половата одреденост остану ва поважна од престижот.
- Вокациските интереси имаат умерено значење за поединецот тие секогаш паѓаат во сенка на другите две димензии, освен в случај кога тие се прифатливи.
- Жените се поподготвени од мажите да изберат занимање кое карактеристично за спротивниот пол.

Она што луѓето најчесто го прават по процената на свои приоритети е изборот на „доволно добри" наместо најдобри можн алтернативи. Тогаш, пак, кога ниту една од алтернативите не ја пе цепираат како доволно добра, го оддолжуваат изборот онолку кол што е можно повеќе. Последниот чекор по направениот компром е приспособување на него. Степенот на приспособување е правопр порционален со степенот на направениот компромис.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Во Готфредсоновата теорија за избор на занимањата акцентот е ставен врз совпаѓањето меѓу личноста и работата. Во основа тоа е психолошка теорија каде клучен елемент претставува сликата за себе. Основна претпоставка на совпаѓањето претставува когнитивниот развој. Потесно одредена, таа е развојна теорија, бидејќи изборот на занимање претставува развоен процес кој започнува во раното детство. За разлика од другите развојни вокациски теории, оваа не само што наведува дека се работи за процес на имплементација на сликата за себе во изборот на занимање, туку и објаснува како се одвива тоа (процеси на ограничување и компромис). Вклучувањето на трета димензија во когнитивната мапа на занимањата – полињата на работи (шесте работни полиња / работни средини на Холанд) може да се смета за обид да се приближат развојните теории и теориите на црти и фактори во рамките на психолошкиот приод.

Вклучувањето, пак, на социјалните фактори (пол и социјална класа) во објаснувањето на изборот на занимање овозможува да се изгради поцелосна слика за овој важен феномен. Особен придонес кон ова може да ѝ се припише на Готфредсон зашто не само што ги наведува како значајни, туку и го објаснува начинот на нивното влијание во изборот на занимање. Но, од друга страна, пак, таа ја пренагласува нивната улога, што можеше да се види во погоре опишаните процеси, т.е. начини на кои се врши изборот – ограничување и компромис. Таа, иако ги наведува интересите како фактор кој води кон конечен избор кој се случува во периодот на адолесценција, сепак може да заклучи дека нивното влијание се одвива во рамките на влијанието на социјалните фактори, односно дека тоа е ограничено од социјалните фактори. Следниот заклучок е дека интересите (преку нив и приватното себство) повеќе учествуваат во изборот на веќе ограничените/издвоените алтернативи, отколку што учествува во самото ограничување. Ограничувањето на алтернативите првенствено го одредуваат општествените услови изразени преку половите и класните стереотипи кои се усвојуваат уште во детството.

Ова е уште појасно во Готфредсоновото објаснување на начинот на кој се врши компромисот при изборот на занимање. Имено, секогаш кога е неопходно да се направи компромис меѓу најпреферираното со помалку преферирано занимање, половата одреденост и престижот на занимањето ги засенуваат вокациските интереси.

Ваквото гледиште на Готфредсон може да се објасни со нејзиното прифаќање на сфаќањето на Стрејсер дека луѓето не се подед-

накво приврзани со идентитетите кои ја сочинуваат нивната слика за себе и дека врз таа основа тие можат да се подредат во хиерархија (Gottfredson, 1985). Тргнувајќи од ова, Готфредсон смета дека луѓето се најприврзани за својот полов идентитет, потоа за класната припадност, по што следува приврзаноста за сопственото ниво на способности, а најмалку се приврзани за нивните лични особини. Следното објаснување за истакнувањето на важноста на социјалните фактори пред психолошките во изборот на занимање може да се најде во нејзиното сфаќање дека човекот првенствено е социјално суштество кое настојува да го обезбеди сопственото место во социјалната структура, а потоа да ја релизира сопствената личност. Во контекст на ова, треба да се спомене дека, според авторката, во периодот на адолесценција примарна важност има социјалното себство и младиот човек преку изборот настојува првенствено да го имплементира него. Во периодот на средната зрелост, кога најголем дел од луѓето го утврдиле своето место во општеството, односно го реализирале социјалното себство, изборите кои ги прават во рамките на развојот на својата кариера се насочени кон себереализација и себеисполнување. Ова може да се протолкува и како истакнување дека крајна цел на поединецот е изборот да претставува баланс меѓу неговото социјално и приватно себство.

На крајот, треба да се истакне дека оваа теорија, преку обидот да ги приближи двата приода, нуди одговори на отворените прашања во нив. Истакнувањето на индивидуалните разлики сфатени како резултат од искуството води кон објаснување зошто лицата кои припаѓаат на исти групи прават различни избори.

Земањето предвид на надворешните бариери (како во образовниот систем, така и на пазарот на трудот) на кои може да наиде поединецот при имплементација на сопствениот избор претставува можност да се одговори зошто во случај кога изборот се засновува врз интересите, сепак изостанува успех и задоволство од работата.

## GOTTFREDSON'S THEORY OF CIRCUMSCRIPTION, COMPROMISE AND SELF-CREATION: AN APPROACHING OF PSYCHOLOGICAL AND SOCIOLOGICAL PERSPECTIVE IN CAREER CHOICE AND DEVELOPMENT

### SUMMARY

The aim of this paper is to present Gottfredson's theory of circumscription, compromise and self-creation as an approaching of psychological and sociological perspective in career choice and development. This approaching is

needed for two reasons: first, because of multifactorial determination of career choice and second, because of changes in economy, technology and labour market. Firstable, some characteristics of psychological and sociological perspectives are given. Then, basic concepts of the theory are considered. In the last section the role of psychological and sociological factors in career choice according Gottfredson are discused and some possible explanations of her view are give.

## ЛИТЕРАТУРА

Brown D. and Associates, 2002: *Career choice and development*, $4^{th}$ ed., Jossey-Bass, San Francisco.

Gottfredson L.S., 2006: „Circumscription and compromise", во: Greenhouse, J.H., eds.: *Enciclopedia of career development*, Sage.

Gottfredson L.S., 2005: „Applying Gottfredson's theory of circumscription and compromise in career guidance and counseling", во: Brown D.S. and Lent W.S., eds.: *Career development and counseling: putting theory ad research to work*, John Wiley and Sons, Inc., San Francisco.

Gottfredson L.S., 2002: „Gottfredson's theory of circumscription, compromise and self-creation", во: Brown D. and Associates, eds.: *Career choice and development*, 4th ed., Jossey-Bass, San Francisco.

Gottfredson L.S., 1996: „Gottfredson's theory of circumscription and compromise", во: Brown D. and Brooks L., eds., *Career choice and development*, $3^{rd}$ ed., Jossey-Bass, San Francisco.

Gottfredson L.S., 1985: „Role of self-concept in vocational theory", *Journal of Counseling Psychology*, Vol. 32, No. 1, 159-162.

Gottfredson L.S., 1981: „Circumscription and compromise: A developmental theory of occupational aspirations", *Journal of Counseling Psychology (Monograf)*, Vol. 28, No. 6, 545-579.

Savickas L.M., 2002: „Career construction: a developmental theory of vocational behavior", во: Brown D. and Associates, eds.: *Career choice and development*, $4^{th}$ ed., Jossey-Bass, San Francisco.